Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ХИМНАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Се прогласува Законот за химната на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 август 1992 година.

Број 08-3278/1
11 август 1992 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ХИМНАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со овој закон се утврдува химната на Република Македонија.

Член 2

Химна на Република Македонија е „Денес над Македонија“ која гласи:




Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.